Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 96/19 и 110/19), како и врз основа на член 22 и член 25 од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/18) министерот за образование и наука донесе скратена наставна програма по наставниот предмет *педагогија* за III година на средното гимназиско образование за учебната 2020/21 година.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

СКРАТЕНА НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО

# П Е Д А Г О Г И Ј А

ЗА III ГОДИНА

изборно подрачје: *јазично – уметничко*

*општествено - хуманистичко*

Скопје, септември 2020 година

## 1. Вовед

Скратената наставна програма по наставниот предмет *педагогија* за III година гимназиско образование се базира на конкретните цели предвидени со наставната програма за наставиот предмет што редовно се реализира согласно утврдениот наставен план.

Со скратенета програма се утврдуваат определени тематски целини и наставни единици што треба да се реализираат за 159 наставни денови, при што се запазува предвидениот неделен фонд на часови утврден во редовната програма, 2 часа неделно, односно вкупно 64 часа.

Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената програма се води од конкретните цели, дидактичките насоки и корелацијата меѓу тематските целини и меѓу предметите утврдени во редовната наставна програма.

Скратената наставна програма по наставниот предмет *педагогија* за III година гимназиско образование се реализира во учебната 2020/2021 година.

## 2. Преглед на тематски целини и наставни единици

| ТЕМАТСКА ЦЕЛИНА: ОПШТЕСТВОТО И ВОСПИТАНИЕТО (8 ЧАСА) |
| --- |
| **Наставни единици:**<br>1. Воспитанието како последица и потреба на општествениот развој<br>2. Воспитанието како свесна, целесообразна и организирана општествена дејност<br>3.Општествено-историската условеност на воспитанието<br>4. Воспитанието во родовското општество<br>5. Воспитанието во робовладетелското општество<br>6. Воспитанието во феудалното општество<br>7. Воспитанието во граѓанското општество<br>8. Воспитанието и образованието во Република Македонија |

| ТЕМАТСКА ЦЕЛИНА: ПЕДАГОГИЈАТА И ОСНОВНИТЕ ПЕДАГОШКИ ПОИМИ (15 ЧАСА) |
| --- |
| **Наставни единици:**<br>1. Педагогијата како наука за воспитанието<br>2. Развој на педагошката теорија и практика<br>3. Односот на педагогијата со филозофијата и психологијата<br>4. Односот на педагогијата со социологијата и антропологијата<br>5. Однсост на педагогијата со кибернетиката и екологијата<br>6. Општа педагогија и историја на педагогија<br>7. Дидактика и методика на наставата<br>8. Предучилишна педагогија и училишна педагогија<br>9. Семејна педагогија и педагогија на слободното време<br>10. Андрагогија и индустриска педагогија<br>11. Специјална педагогија<br>12. Домска педагогија<br>13. Методологија на педагогијата |

| |
|---|
| 14. Основни педагошки поими<br>15. Вежби |

| ТЕМАТСКА ЦЕЛИНА: ФАКТОРИ НА РАЗВИТОКОТ НА ЛИЧНОСТА (10 ЧАСА) |
|---|
| **Наставни единици:**<br>1. Наследни фактори<br>2. Социјални фактори<br>3. Педагошки последици<br>4. Решавачки фактори во развоток на личноста<br>5. Наследство<br>6. Општествена средина<br>7. Воспитание<br>8. Активност на личноста<br>9. Поврзаност на решавачките фактори<br>10. Вежби |

| ТЕМАТСКА ЦЕЛИНА: ВОСПИТАНИК И ВОСПИТУВАЧ ( 5 ЧАСА) |
|---|
| **Наставни единици:**<br>1. Поим за воспитаник<br>2. Основни карактеристики на развојот на учениците<br>3. Воспитаникот како објект и субјект<br>4. Поим за воспитувач<br>5. Воспитувачкиот и наставничкиот позив |

| ТЕМАТСКА ЦЕЛИНА: СЕМЕЈНО ВОСПИТАНИЕ (5 ЧАСА) |
|---|
| **Наставни единици:**<br>1. Семејството како основен и незаменлив фактор |

2. Определелување на поимот семејство
3. Карактеристики на семејството
4. Основни усолви во семејството за позитивен развој на децата
5. Соработка на семејството со училиштето

| ТЕМАТСКА ЦЕЛИНА: УЧИЛИШЕН СИСТЕМ (4 ЧАСА) |
|---|
| **Наставни единици:**<br>1. Карактеристики и структура на училишниот систем<br>2. Предучилишен воспитание<br>3. Основно воспитание и образование<br>4. Средно и високо образование |

| ТЕМАТСКА ЦЕЛИНА: КОМУНИКАЦИЈА (5 ЧАСА) |
|---|
| **Наставни единици:**<br>1. Што е комуникација<br>2. Елементи на комуникацијата<br>3. Видови комуникација<br>4. Суштина и значење на комуникацијата<br>5. Функции на комуникацијата |

| ТЕМАТСКА ЦЕЛИНА: СОВРЕМЕНИ ПРИНЦИПИ НА ВОСПИТАНИЕТО (7 ЧАСА) |
|---|
| **Наставни единици:**<br>1. Воспитание за мир<br>2. Воспитание за прифаќање и разбирање на разликите меѓу луѓето<br>3. Воспитание за чиста средина<br>4. Интеркултурно и мултикултурно воспитание<br>5. Филм и дискусија во врска со мултикултурно воспитание |

| |
|---|
| 6. Воспитание меѓу половите<br>7. Работилница на тема: Почитување кон припадниците на другиот пол или другатема на предлог на учениците |

| ТЕМАТСКА ЦЕЛИНА: ПЕДАГОГИЈА НА СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ (5 ЧАСА) |
|---|
| **Наставни единици:**<br>1. Слободното време како економска, социјална и воспитна категорија<br>2. Дефинирање на слободното време<br>3. Содржина и осмислување на слободното време<br>4. Слободни ученички активности<br>5. Младите и слободното време |

## 3. Дидактички препораки

Појдовна основа за реализација на скратената наставна програма по наставниот предмет *педагогија* е редовната наставна програма наставни се базираат на конкретните цели, дидактичките насоки и корелацијата меѓу тематските целини, согласно утврдениот Наставен план. При реализација на оваа скратена програма наставникт ќе ги користи предзнаењата на учениците од наставните предмети историја, социологија, психологија и др. За секоја тематска целина даден е вкупниот број на часови што треба да се реализираат.

Наставните единици од скратенита наставна програма по наставниот предмет *педагогија* се реализираат на наставни часови со скратено времетраење од 35 минути. При реализација на час на кој се разработува нова наставна содржина, часот треба да се состои од воведен дел, главен дел и завршен дел.

Воведниот дел треба да трае најмногу 5 минути. Во овој дел од часот, преку прашања и со користење на различни методи и техники на работа, учениците се потсетуваат на претходно усвоените знаења кои се основа за надоградување на нови знаења од

содржината што ќе се разработува на часот. На тој начин, наставникот истовремено ги проверува знаењата на учениците. Исто така, во воведниот дел, преку користење на бура на идеи или некои други техники на работа, наставникот може да ги поттикне размислувањата на учениците и да ги заинтересира и мотивира кон реализирање на целите поставени за актуелниот час (на пр. воведот наставникот може да презентира неколку фотографии од познати педагози, училиште од времето на Коменски, може да прочита мисла од познат педагог, снимка од градинка, училиште и сл.) Понекогаш, може да се постави и проблемска ситуација која ќе биде добар вовед во главниот дел на часот. Проблемската ситуација може да биде и претходно зададена како домашна задача со цел учениците да имаат доволно време да размислат и да бидат подготвени да ги споделат своите објаснувања, решенија, идеи, аргументи, ставови и сл. за време на воведниот дел од часот.

Во главниот дел на часот, кој трае најмногу 25 минути, а кој се разработува новата наставна содржина, наставникот ги реализира планираните целите, очекуваните резултати и поимите со соодветни методи и активности. Со оглед на тоа што станува збор за наставен предмет што припаѓа во оптествена група на науки, наставникот најчесто ќе користи различни методи на работа и активности како на пр: дискусија, презентација, демонстрација, илустрација, набљудување, работилници, раскажување, објаснување, изработка на есеи и сл. При изучувањето на нови наставни содржини на далечина наставникот ке ги разработува колку што е можно повеќе преку интерактивна настава. Имено, наставникот треба да оствари интеракција со учениците и да ги вклучува на часот преку прашања и одговори, дискусии и сл. При разработката на новата наставна содржина преку далечинско учење неопходно е наставникот да објаснува и да запишува на табла или да има подготвено презентација, која, исто така, треба да биде проследена со негово усно објаснување. Притоа, видливоста треба да биде јасна, прегледна и целосна за учениците. Освен презентации, може да се користат и други е-содржини кои наставникот сам ги подготвува или, пак, користи изработени е-содржини што се на располагање на платформата (анимации, симулации, видеозаписи, аудиозаписи, илустрации, текстови итн.) Е-содржините што наставникот ги изработува или ги избира треба да бидат мултимедијални, односно да имаат текст, анимација, звук, презентација и да бидат достапни за учење на далечина. Е-содржините се користат со цел да се поттикне интересот на учениците за наставниот предмет, полесно да се разбере содржината, како и да се примени стекнатото знаење. За време на часот, важно е да се насочуваат учениците да водат писмена евиденција за она што се работи на часот, да бидат активни и да учествуваат на часот, односно, да се задржи нивниот интерес преку интерактивноста и можноста да поставуваат прашања, да имаат свои

ставови, да ги аргументираат своите ставови и мислења и сл. Наставникот секогаш да е отворен за соработка со учениците, да дава повратна информација на одговорите, размислувањата, креациите на учениците и да одговара на прашањата што тие му ги поставуваат.

Наставникот може да подготви и чек листи за бележење на напредокот на ученикот, чек листи за самооценување. Во завршниот дел од часот се прави кратко резиме и утврдување на новите знаења што се усвоиле на часот, а пожелно е да има посебен слајд од презентацијата во која резимето ќе биде *видливо*, таксативно уредено или уредено по принцип хиерархиска важност. Исто така, може да се зададе домашна задача, се дава повторно можност на учениците да постават прашања, да се произнесат што им било интересно или предизвик во текот на часот, а може да се дадат и дополнителни насоки и објаснувања доколу е потребно итн.

Освен часови за разработка на нови наставни содржини, согласно наставната програма, наставникот треба да планира, организира и реализира и часови за повторување, вежби, проверка на знаењата на учениците, систематизирање и сл.. Овие часови треба да бидат добро испланирани и осмислени при далечинското учење. На часовите за вежби треба да се појаснуваат и продлабочуваат примерите разработени на часовите за усвојување нови знаења и да се прошират со примери во кои учениците ќе го применат усвоеното знаење во нови ситуации, со решавање на проблемски ситуации, при што учениците ги активираат когнитивните процеси примена, анализа, евалуација и синтеза. Тоа може да се реализира преку усни прашања и одговори, дискусии, дебати и сл. На таков начин преку овие часови ќе се поттикува формирање на концептуално знаење кај учениците, т.е. знаење што се темели на размислување и разбирање, ученикот ќе учи како да размислува, како да учи, а воедно ќе развива современи компетенции: знаења, вештини, ставови и вредности.

Доколку се применува комбинираниот модел на настава, при реализација на наставните часови по наставниот предмет *педагогија* со физичко присуство на учениците во училница, задолжително се почитуваат протоколите за физичка дистанца и лична заштита.

**4.Норматив за наставен кадар**

Скратената наставна програма ја реализира наставник согласно нормативот за наставен кадар даден во редовната настава програма.

Скратената наставна програма по наставниот предмет *педагогија* за III година гимназиско образование образование ја утврди

Арх.бр.12-8424/94 Министер за образование и наука

16.9.2020 година Мила Царовска